## ДОВИДУВАЊЕ



Лешок, 01.06. 2019, Третиот кум на Средбата, Митко Спироски направи фотки и видеа со фотоапаратот Сони, за вечен спомен од Генерацијата 1949/50, Благодариме и на фото, ЃОРОСКИ, Тетово

Генерацијо,
Ако не беа фотоапаратите, компјутерите и денес мобилните телефони, како и современите средства за комуникации Е-меил, интернет, Веб страници, Фејсбук, Вибер и др. заедно со мојата љубов, воља, снага и фала му на Господ што ми го зачува и умот, оваа книга за Генерацијата ученици 1949/50 во основните училишта и Гимназија, од Лешок, Теарце и Тетово, кои го носат името на Св. Кирил Лешочки и на Економскиот факултетет при Универзитетот Св. Кирил и Методиј, Скопје, не ќе можев вака да ја напишам и украсам книгава со Мои и Ваши фотографии во времето на нашата младост и кога станавме возрасни лица и посебно преку портретите кои ги направив, за да бидеме попрепознатливи и фотографиите покрај зборовите и делата, да зборуваат за нас како личности и секако и за нашето време.
Ви благодарам на сите Вас, кои помогнавте во пишувањето на книгава и на сите Вас, кои ми позајмивте фотографии.
Простете ми сите ако нешто сум Ви згрешил или ако сум направил некаква грешка, пропуст или сум заборавил некого да запишам во оваа книга, но, Ве уверувам дека не било намерно, туку, мојата здравствена и духовна состојба во овој период толку ми дозволуваа.

**СРДЕЧНО ВЕ ПОЗДРАВУВАМ**

Лешок, 17 Март 2024, Прочка

Митко Поп Спироски - Лешочки